# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.„7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

| | |
|---|---|
| **Службен гласник** | **01.02.2017 година** |
| **Општина Македонски Брод** | **Македонски Брод** |
| **Излегува по потреба** | **Број 1 – 2017 год.** |

ФЕВРУАРИ 2017

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод**

**за IV квартал за 2016 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за четврт квартал за 2016 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 18- 98/3** — **Совет на општина Македонски Брод**

**30.01.2017 година** — **П р е т с е д а т е л,**

**Македонски Брод** — **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/03) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на ПРОГРАМА за работа и развој на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2017 година**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои ПРОГРАМА за работа и развој на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2017 година усвоена и од страна на УО на ЈП Водовод и канализација од Македонски Брод.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

Број 18-98/3-1
30.01.2017 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за платниот промет („Службен весник на РМ“ бр.113/07,22/08,159/08,133/09,145/2010,35/2011,11/2012,59/2012,166/2012,170/2013,153/2015,199/2015), Советот на Општина Македонски Брод на својата педесет и четврта седница одржана на 30.01.2017 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за утврдување денарски благајнички максимум за 2017 година

### Член 1

Со оваа одлука се утврдува денарскиот благајнички максимум за 2017 година во износ од 20.000,00 денари.

### Член 2

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод” , а ќе се применува од 1 јануари 2017 година.

**Бр.18 – 98 /4**
**30.01.2017 година**

**Претседател на Совет на**
**Општина Македонски Брод**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2017 година**

**Се прогласува Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2017 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници (Сл. весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 48/15 и 154/15), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 30.01.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување на вредноста на бодот на платите на административните службеници во Општина Македонски Брод за 2017 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2017 година изнесува 76,8 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува со исплата на платата за Јануари 2017 година.

**Бр. 18 – 98 / 5**
**30.01.2017 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на административните службеници во Општина Македонски Брод за 2017 година**

**Се прогласува Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на административните службеници во Општина Македонски Брод за 2017 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр.03/2002 год.) Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за поништување на Општиот акт за село Ижиште општина Македонски Брод**

1.Со оваа Одлука се поништува Општиот акт за с.Ижиште општина Македонски Брод, донесен од страна на Советот на општината Македонски Брод со Одлука бр.07-800/9 од 28.10.2014 година поради неусогласеност на изградениот објект на КП бр.645/2 за КО Ижиште-за преработка на млеко и производство на млечни производи во сопственост на ДПТУ„МАВРОВО Ј-Т“ ДОО Скопје со намената предвидена со Оптиот акт А-Домување.

2.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општината Македонски Брод“.

Бр.18 - 98/6
30.01.2017 год.
Македонски Брод

Совет на општина Мак.Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за поништување на Општиот акт за село Ижиште општина Македонски Брод**

**Се прогласува Одлука за поништување на Општиот акт за село Ижиште општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 20 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.199/14 и 44/15) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.01.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**

**За дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година**

1.Со оваа Одлика се врши дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година, бр.18-910/3 од 28.11.2016 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод и тоа во точка:

**Г-ИЗРАБОТКА НА ОПШТИ АКТИ ЗА СЕЛА**
**се дополнува со:Изработка на Општ акт за с.ИЖИШТЕ општина Македонски Брод.**

2.Останатите одредби од Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година, бр.18-910/3 од 28.11.2016 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод остануваат непроменети.

3.Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 98/7**
**30.01.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
. **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година**

Се прогласува **Одлуката за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 20 точка 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ бр.199/14 и 44/15) член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.01.2017 година донесе:

**О Д Л У К А**
**За дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2011 година**

1.Со оваа Одлика се врши дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2011 година, бр. 07-500/2/1 од 29.04.2011 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод и тао точка 3 се дополнува и гласи:

**<u>Повисок степен (прва зона)</u>**

**Во оваа зона се опфатени локации-градежно земјиште на улиците:**
**- ул.„Маршал Тито“, ул. „Партизанска“, дел од ул.„Димитар Влахов“(Крак кон градски пазар, заклучно со ГП бр.1.23 КП бр.3982 (Ловен дом) и крак кон полициска станица, заклучно со ГП бр.1.32 КП бр.3971 (Објект Фонд за здравствено и пензиско осигурување) и ГП 4.2 (Магацин) во Македонски Брод.**

2.Останатите одредби од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2011 година, бр.07-500/2/1 од 29.04.2011 година донесена од страна на Советот на општината Македонски Брод остануваат непроменети.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18-98/8**
**30.01.2017 год.**
**Македонски Брод**

**Советот на Општина Македонски Брод**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
. **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2011 година**

**Се прогласува Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2011 година,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ” бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15 и 192/15) и член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл.весник на РМ” бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.01.2017 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини**

**Член 1**

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини.

**Член 2**

Просечната цена за метар квадратен на градежно земјиште се движи во зависнот од зоната во градот и населеното место и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | КО Македонски Брод | |
| 1.1 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | |
| | Прва зона | 1800 ден/м² |
| | Втора зона | 1450 ден/м² |
| 1.2 | ДВОРНО МЕСТО | |
| | Прва зона | 1000 ден/м² |
| | Втора зона | 800 ден/м² |

табела 1

Просечната цена за метар квадратен на градежното земјиште во селата во општина Македонски Брод ќе се движи:

| 1. | Прва зона | Цена по м² |
|---|---|---|
| 1.1 | Градежно земјиште | 1800 ден/м² |
| 1.2 | Дворно место | 1000 ден/м² |

Табела2

| 1. | Втора зона | Цена по м² |
|---|---|---|
| 1.1 | Градежно земјиште | 1450 ден/м² |
| 1.2 | Дворно место | 800 ден/м² |

Табела 3

| 3. | Трета зона | Цена по м$^2$ |
|---|---|---|
| 1. | КО Требовље, КО Близанско, КО Здуње, КО Белица, | |
| 1.1 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 1450 ден/м$^2$ |
| 1.2 | ДВОРНО МЕСТО | 800 ден/м$^2$ |
| | | |
| 2. | КО Ижиште, КО Самоков | |
| 2.1 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 1450 ден/м$^2$ |
| 2.2 | ДВОРНО МЕСТО | 700 ден/м$^2$ |
| | | |
| 3. | КО Ореовец, КО Русјаци, КО Латово, КО Требино, КО Девич, КО Сувидол, КО Локвица, КО Г/Д.Манастирец, КО Модриште, КО Драгов Дол | |
| 3.1 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 1150 ден/м$^2$ |
| 3.2 | ДВОРНО МЕСТО | 600 ден/м$^2$ |
| | | |
| 4. | КО Сланско, КО Дреново, КО Грешница, КО Слатина,КО Могилец, КО Калуѓерец, КО Крапа, КО Ковче, КО Лупште, КО Брест, КО Растеш, КО Томино село, КО Тополница, КО Црешнево | |
| 4.1 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 950 ден/м$^2$ |
| 4.2 | ДВОРНО МЕСТО | 500 ден/м$^2$ |
| | | |
| 5. | КО Крушје, КО Вир, КО Рамне, КО Зркле, КО Волче, КО Заград, КО Бенче, КО Битово, КО Ботушје, КО Тажево, КО Брезница, КО Звечан, КО  Косово, КО Инче, КО Сушица, КО Барбарос | |
| 5.1 | ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ | 800 ден/м$^2$ |
| 5.2 | ДВОРНО МЕСТО | 400 ден/м$^2$ |

табела 4

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини („Сл.гласник на Општина Македонски Брод” бр.05/16)

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18-98/9
30.01.2017 год.

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини**

**Се прогласува Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02), член 5 од Законот за даноците на имот („Сл.весник на РМ” бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15 и 192/15) и член 13 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижниот имот („Сл.весник на РМ” бр. 54/12, 17/13, 21/13 и 142/14) и член 46 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод” бр.02/03), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.01.2017 година, донесе:

## ОДЛУКА
**за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски Општини**

### Член 1

Со оваа одлука се определува просечната цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини.

### Член 2

Просечната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата по Катастарски Општини во денари за метар квадратен се движи:

| Ред.бр | Општина Македонски Брод | Класа 1 | Класа 2 | Класа 3 | Класа 4 | Класа 5 | Класа 6 | Класа 7 | Класа 8 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | КО Македонски Брод | 650 | 600 | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 |
| 2. | КО Требовље, КО Близанско, КО Здуње, КО Белица | 650 | 600 | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 |
| 3. | КО Ижиште, КО Самоков | 550 | 500 | 450 | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 |
| 4. | КО Ореовец, КО Русјаци, КО Латово, КО Требино, КО Девич, КО Сувидол, КО Манастирец, КО Модриште, КО Драгов Дол, КО Локвица, КО Црешнево | 450 | 400 | 350 | 300 | 250 | 200 | 150 | 100 |
| 5. | КО Сланско, КО Дреново, КО Грешница, КО Слатина КО Могилец, КО Калуѓерец, КО Крапа, КО Ковач, КО Лупште, КО Брест, КО Растеш, КО Томино село, КО Тополница | 350 | 310 | 270 | 230 | 190 | 150 | 100 | 50 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6. | КО Крушје, КО Вир, КО Рамне, КО Зркле, КО Волче, КО Заград, КО Бенче, КО Битово, КО Ботушје, КО Тажево, КО Брезница, КО Звечан, КО Косово, КО Инче, КО Сушица, КО Барбарас, | 300 | 250 | 200 | 170 | 140 | 110 | 60 | 30 |

Табела 1

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски Општини (Сл.весник на Општина Македонски Брод бр.05/16)

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18-98/10
30.01.2017 год.

Совет на општина Македонски Брод
Претседател,
Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски Општини**

**Се прогласува Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски Општини,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на  член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 и од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник бр.02/03), по доставено барање од ОЈУДГ 7-ми Септември –Македонски Брод бр.18-981 од 28.12.2016 год. Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**за давање на согласност за сечење на израснати борови други стебла кои се надвиснати и опасни за кровот на градинката и оштетување на канализациони и други мрежи во дворот**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година донесе одлука за давање на согласност за сечење на израснати борови други стебла кои се надвиснати и опасни за кровот на градинката и оштетување на канализациони и други мрежи во дворот. По отстранувањето  да се засадат нови зимзелени растенија кои не надминуваат 2 до 3 м височина.

**Член 2**

За спроведување на оваа одлука барателот согласно закон да обезбеди мислење и од други надлежни институции согласно закон..

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 98/11**
**30.01.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за давање на согласност за сечење на израснати борови други стебла кои се надвиснати и опасни за кровот на градинката и оштетување на канализациони и други мрежи во дворот**

**Се прогласува Одлука за давање на согласност за сечење на израснати борови други стебла кои се надвиснати и опасни за кровот на градинката и оштетување на канализациони и други мрежи во дворот, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.**

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1, точка 43 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2017 година, донесе

# О д л у к а

## За потврдување и продолжување на овластувањата на Градоначалникот од страна на Советот на Општина Македонски Брод

**1.** Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 год. ја донесе оваа Одлука за потврдување и продолжување на овластувањата на Градоначалникот Милосим Војнески од страна на Советот на Општина Македонски Брод за сите досегашни и идни трошкови за храна, пијалоци, репрезентации и други трошоци за сите манифестации, празници организирани од страна на Градоначалникот и Советот на Општина Македонски Брод .

2. По предлог на Советот на општина Македонски Брод набавките наведени во точка 1 се вршени и ќе се вршат ротирачки од фирми кои се регистрирани во општина Македонски Брод со цел на сите подеднакво да им се помогне, а со тоа сите да опстојат кој е интерес на граѓаните на општина Македонски Брод.

3.Со оваа одлука Советот на општина Македонски Брод го овластил Градоначалникот и потврдил дека набавките за наведените трошоци од Т1 ги вршел и да ги врши без објавување на јавен оглас за јавни набавки поради самата специфичност на набавките.

4.Оваа одлука е потврдена и донесена едногласно од сите 11 членови на Советот на Општина Македонски Брод, и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

5.Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Број 18 -98/12**
**30.01.2017 година**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за потврдување и продолжување на овластувањата на Градоначалникот од страна на Советот на Општина Македонски Брод**

Се прогласува **Одлуката за потврдување и продолжување на овластувањата на Градоначалникот од страна на Советот на Општина Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 и чл.79 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**за набавка на две моторни возила (трактор) со приклучна механизација за одржување на локални улици и патишта на територијата на општина Македонски Брод**

**Член 1**

Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година донесе одлука за одобрување на средства за набавка на две моторни возила (трактор) со приклучна механизација за одржување на локални улици и патишта на територијата на општина Македонски Брод

**Член 2**

Средствата за набавка од горенаведниот чл.1 ќе се изврши согласно расположливи финансиски средства на општината и согласно законот за јавна набавка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 98/13**
**30.01.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за набавка на две моторни возила (трактор) со приключна механизација за одржување на локални улици и патишта на територијата на општина Македонски Брод**

**Се прогласува Одлука за набавка на две моторни возила (трактор) со приключна механизација за одржување на локални улици и патишта на територијата на општина Македонски Брод,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 година.

**Бр.08- 98 /16**
**01.02.2017 година**

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2017 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за информирање на Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување Македонски Брод**

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 год. донесе заклучок за потсетување на обврските кои произлегуваат од надлежноста на РЦУК и ДЗС за превземање на мерки по однос на информирање и превземање мерки за одржување на патишта во временски непогоди и чистење на регионални патишта во кој спаѓа и регинален пат село Калуѓерец село Здуње .
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Македонски Брод.

**Број 18- 98/14**
**30.01.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) по доставено барање од страна на м.з. Близанско бр.18-932/16, Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30 јануари 2017 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.01.2017 год. донесе заклучок да се задолжи секторот за урбанизам општина Македонски Брод да направи увид и предложи решение по однос на барањето за поставување на цевки за испуст на води на премин за пат до црквата во село Близанско се до реализација на проект за изградба на патот. Со решението да се запознае Советот на општина Македонски Брод за понатамошно постапување.

**Број 18- 98/15**
**30.01.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**Службен гласник број 1 од 01.02.2017 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за IV квартал за 2016 година ............................................................................................................................ стр.2

Заклучок за усвојување на Програма за работа и развој на Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ Македонски Брод за 2017 година ........................................................................ стр.3

Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2017 година .............................. стр.4

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување денарски благајнички максимум за 2017 година ............................................................................................................................. стр.4

Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на административните службеници во Општина Македонски Брод за 2017 година ......................................................................... стр.5

Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот на платите на административните службеници во Општина Македонски Брод за 2017 година ............................ стр.6

Одлука за поништување на Општиот акт за село Ижиште општина Македонски Брод ...... стр.7

Заклучок за прогласување на Одлука за поништување на Општиот акт за село Ижиште општина Македонски Брод ................................................................................................. стр.8

Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година ....................................................................... стр.9

Заклучок за прогласување на Одлука за дополнување на Програмата за урбанистичко планирање на територијата на општината Македонски Брод за 2017 година ................................ стр.10

Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2011 година ....................................................................... стр.11

Заклучок за прогласување на Одлука за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општината Македонски Брод за 2011 година ...................... стр.13

Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини ......................................................................... стр.14

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на градежното земјиште од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски општини ............................................ стр.16

Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски Општини ....................................... стр.17

Заклучок за прогласување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата од извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Македонски Брод по Катастарски Општини ........................................................................................................................................... стр.19

Одлука за давање на согласност за сечење на израснати борови други стебла кои се надвиснати и опасни за кровот на градинката и оштетување на канализациони и други мрежи во дворот ................................................................................................................................. стр.20

Заклучок за прогласување на Одлука за давање на согласност за сечење на израснати борови други стебла кои се надвиснати и опасни за кровот на градинката и оштетување на канализациони и други мрежи во дворот ........................................................................................................... стр.21

Одлука за потврдување и продолжување на овластувањата на Градоначалникот од страна на Советот на Општина Македонски Брод ....................................................................................... стр.22

Заклучок за прогласување на Одлука за потврдување и продолжување на овластувањата на Градоначалникот од страна на Советот на Општина Македонски Брод ......................................... стр.23

Одлука за набавка на две моторни возила (трактор) со приклучна механизација за одржување на локални улици и патишта на територијата на општина Македонски Брод ................................ стр.24

Заклучок за прогласување на Одлука за набавка на две моторни возила (трактор) со приклучна механизација за одржување на локални улици и патишта на територијата на општина Македонски Брод .................................................................................................................................... стр.25

Заклучок за информирање на Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување Македонски Брод ............................................................................................... стр.26

Заклучок по барање на м.з. с.Близанско ........................................................................... стр.27